Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Уп I бр. 29-944/14
25.03.2015 година

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

ул.Аминта Трети бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3124-224
Е-пошта:info@mzsv.gov.mk
Сајт:www.mzsv.gov.mk

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на член 33 од Законот за виното ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13 и 188/13), постапувајќи по барање со Уп I бр.29-944/14 од 30.12.2014 година, поднесено од страна на Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина, Земјоделски факултет -Универзитет "Гоце Делчев" – Штип, со седиште на ул.Крсте Мисирков бб. Штип, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за овластување на лабораторија за вршење на физичко-хемиска анализа заради ставање на виното во промет**

1. Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина, Земјоделски факултет - Универзитет "Гоце Делчев" – Штип, со седиште на ул.Крсте Мисирков бб. Штип, СЕ ОВЛАСТУВА за вршење на физичко-хемиска анализа на виното заради ставање на виното во промет.
2. Овластената лабораторија од точка 1 на ова решение, физичко-хемиската анализа на вино ја врши врз основа на методи за кои е акредитирана од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија.

**Образложение**

Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина, Земјоделски факултет - Универзитет "Гоце Делчев" – Штип, со седиште на ул.Крсте Мисирков бб. Штип, поднесе барање со Уп I бр.29-944/14 од 30.12.2014 год. за овластување на лабораторија за вршење на физичко-хемиска анализа на виното заради ставање на виното во промет.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, решавајќи по барањето, врз основа на записникот од Државниот земјоделски инспектор бр. 08-23-163 од 03.03.2015 во кој се констатира исполнетоста на условите од членовите 3 и 4 од Правилникот за основните параметри кои се предмет на физичко - хемиска анализа на виното, поблиските услови во однос на просториите и опремата кои треба да ги исполнуваат овластените лаборатории за вршење на физичко-хемиска анализа заради ставање на виното во промет и постапката за издавање на овластувањето за вршење на физичко-хемиска анализа на виното ("Службен весник на Република Македонија" број 112/10), утврди дека Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина, Земјоделски факултет - Универзитет "Гоце Делчев" Штип, ги исполнува условите за добивање на овластување за вршење на физичко-хемиска анализа на вино согласно член 33 од Законот за виното.

Имајќи го во предвид горе наведеното, се донесе Решение како во диспозитивот.

Такса за ова решение во износ од 5.000,00 денари од Законот за административни такси ("Службен весник на РМ" бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11 и 84/12), е наплатена.

**Упатство за правно средство:**
Против оваа решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од приемот на оваа решение пред Управниот суд.

**МИНИСТЕР,**
**м-р Михаил Цветков**

Изработил:А.Д.
Согласен: Ж.Б.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев"

| Примено: | 02. 04. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 1301 36 | 186 | | |